Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15) Градоначалникот на општина Богданци на ден 26.01.2016 година донесе:

# О Д Л У К А

За неспроведување на стратегиска оцена на влијанието на животната средина за изработување на Проект за инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица во с.Селемли, општина Богданци

1. За плански документ изработување на Проект за инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието на животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од неспроведување на стратегиска оцена се објавува на web страната на општина Богданци на следната адреса www.bogdanci.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на Формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Проект за инфраструктура за фекална канализација со пречистителна станица нема да има влијание врз животната средина од следните причини: не постои кумулативна природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето, не постои прекугранична природа на влијанија, ризици по здравјето на луѓето или животната средина нема и просторниот обем на влијанија врз животната средина е многу мал.
4. Против оваа Одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на web страната.